Врз основа на член 37-н и 37-њ од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19) и член 6 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/19 и 14/20) и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги со арх.бр.02-285/7 од 31.10.2017 година, Јавното комунално претпријатие ,,Илинден" н.Илинден објавува:

Јавно комунално претпријатие "ИЛИНДЕН" Бр. 04-150/1 15.04.2021 год. Населба, ИЛИНДЕН

# ИНТЕРЕН ОГЛАС бр.02/2021

за пополнување на работно место со унапредување на давател на јавни услуги во ЈКП "Илинден" н.Илинден за следново работно место

**1. Раководител на одделение за јавна хигиена, со шифра КДР 03 05 А03 015,** , во Одделение за јавна хигиена - Стручна служба, **1 (еден) извршител,** со исполнување на следниве услови:

- Стручни квалификации: најмалку 240 кредити стекнати спред ЕКТС или завршен VII/1 степен, Вид на образование : Шумарство и хортикултура, економски науки, науки за земјиштето и хидрологија (се докажува со приложување на диплома)

- Работно искуство:најмалку две години работно искуство во струката, од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор (се докажува со Извод од ПИОМ како доказ за бараното работно искуство - период евидентиран во агенција за вработување како работен стаж)

- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски)

**Распоред на работно време:**
Работни денови понеделник-петок
Работни часови неделно 40
Работно време од 07:30 часот до 15:30 часот.
Паричен нето износ на плата: 32.100,00 денари

Покрај горенаведените посебни услови, заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат и општите услови утврдени со Законот за јавни претпријатија за давателите на услуги во областа на комуналните дејности:
-да е државјанин на Република Македонија (се докажува со државјанство)
-активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност (се докажува со потврда од Основен суд или од Централен регистар на РСМ).

НАПОМЕНА:

На интерниот оглас може да се јави давател на јавни услуги вработен во ЈКП ,,Илинден" н.Илинден, кој ги исполнува горенаведените општи и посебни услови за пополнување на предметното работно место пропишани за соодветното ниво ниво согласно Законот за јавните претпријатија, Правилникот за систематизација на работни места на ЈКП ,,Илинден" н.Илинден и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги со арх.бр.02-285/7 од 31.10.2017 година.

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на огласот на веб страната на ЈКП "Илинден" н.Илинден и на огласната табла на претпријатието.

Кандидатите за унапредување се пријавуваат на интерниот оглас со поднесување на пополнетата пријава и докази за податоците содржани во пријавата и истата преку архивата на Јавното комунално претпријатие "Илинден" н.Илинден ја доставуваат до Одделението за општо правни работи и човечки ресурси, секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот со назнака: „За интерен оглас број 02/2021".

Ненавремената, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот. Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција за унапредување, формирана од Директорот на Јавното комунално претпријатие "Илинден" н.Илинден.

ЈКП ,,Илинден" н.Илинден
Директор
Дипл.правник Игор Филиповски